Архивски број: 08-251/4

11-08-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–251/1 од 23.03.2023 година, поднесена од [redacted] со седиште на [redacted] Скопје, застапувано од [redacted] од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност на социјалната мрежа Facebook, од страна на лицето [redacted] политичар од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 11.08.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност на социјалната мрежа Facebook, од страна на лицето [redacted] политичар од Скопје кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест.

## Образложение

Д о Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 23.03.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08–251/1, од страна на подносителот [redacted] од Скопје, застапник на [redacted] Скопје, а против лицето [redacted] политичар од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност на социјалната мрежа Facebook, кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест.

Согласно наводите изнесени во предметната претставка, [redacted] на неговиот личен профил на социјалната мрежа Facebook објавил повеќе постови со кои според подносителот на претставката сторил директна повторена, односно продолжена дискриминација и вознемирување врз основа на потекло, национална и етничка припадност, конкретно кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест и постапил спротивно на одредбите за заштита на основните човекови права и слободи гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните правни акти.

Имено како што е наведено во претставката се работи за неколку објави, и тоа:

- На ден 05.02.2023 година објава со следната содржина: "Пореметен бугар! [redacted] во 2018 година ти беше предавач на конференција на [redacted] и зборуваше дека треба да има автопат Скопје – Софија и дека треба да бидеме добри соседи и да имаме економска и научна соработка!

Точно е тоа другар, на покана на Македонците, внуци на Шапкарев и други револуционери! И што со тоа? Па тоа е доказ дека си балгарин! Е на овој ист начин, сите македонски револуционери или преродбеници кои барем еднаш изјавиле една реченица позитивна за Бугарија, се прогласуваат за балгари! Сега јасно ви е колку се болни? Вака пореметено, друго племе на свет нема да најдете! Жалам за стотина интелектуалци и политичари од Бугарија кои се нормални луѓе! Се надевам и дека мнозинството нивни граѓани, особено правите Бугари, а не ова избугарените македончиња, се исто нормални луѓе! Друго да кажам, не знам!"

Според подносителот во постот се користени дискриминаторски, вознемирувачки и ксенофобични зборови кон македонските бугари.

- На ден 09.02.2023 година објава со следната содржина: КОЈА БРУКА!!! Европа вика "Нема дискриминацијана избугарени во Македонија", а македонското МВР и ОЈО со сиот памет потврдија напад врз дилерчето на Радев од етничка омраза, што значи создаваат предмет со кој Македонија ја демантира Европа и кажува дека "ИМА дискриминација"! Нема, нема побрука од оваа власт! Нема!!! Тотално неспособни!!!

Според подносителот во постот се користени дискриминаторски, вознемирувачки и ксенофобични зборови и реченици кон македонските бугари.

- На 15.02.2023 година објава со следната содржина: Ај се кладиме дека за година дена момченцево ќе заврши во канта за болук по софиските улици?!? Детево е жално! Исплаќено и збунето! Нема претстава во какви раце е паднато! Тој е директна жртва на политиките на офоцојална Бугарија! На никој друг! И ќотек изеде поради тие погрешни, бугарски, зелени политики! Јас имам можеби најголемо искуство во Македонија со избугарени македонсчиња! Сум видел десетици како ова... и сум видел како завршиле во БГ откако ќе им помине рок на употреба! Сето тоа лично, со свои очи и уши! Сега момчево ќе биде употребено во изборната кампања во април... некаде до септември ќе остане без ништо... до крај на година ќе моли за леб и некаде таму почеток на 2024 ќе побара милост во Македонија! Ендњ! Стави печат! А знаете како тоа ќе го направат? Откако ќе го искористат кондомот "пендикОВ" ќе го прогласат за "печалбар од балгарштината"- дека станал балгарин за да им земе парички! Истите овие "медии" кои сега го величат, ќе го прогласат за "вметнат удбаш", а истите тие загрижени советски агенти за него денес, ќе му пишуваат што добил од мајка им Балгарија, а тој не бил благодарен! Тоа е таа иста гнасна болшевичка банда! ДОКОЛКУ ставиме бугари во Устав, вакви жални момчиња ќе ги има стотици... и сите ќе јадат ќотек, не по кафани, туку од нивните татковци и браќа! Тоа ќе биде катастрофа за Македонија! Бугарите сакаат да не вратат во 19ти век, кога се убивале помеѓу себе брат со брат, татко со син, дедо со внук...за тоа кој е бугарин, а кој србин! ПОСЛУШАЈТЕ МЕ!! До сега не слушавте, ниту за грујо, ниту за име, ниту за презиме.... бар сега отворете очи и уши! Ви кажувам, НИКОГАШ

бугари во Устав, па НИТУ тогаш!!! ЌЕ ВЛЕЗЕМЕ ВО ЕУ како горди Македонци, само и само ако ги отфрлиме бугарските уцени! И тоа многу побрзо! Ако паднеме во бугарската стапица, ЕУ ќе ја сонуваме!!! Следните 30 години тука ќе биде "пеколот на земјата"... ќе се купуваат душите на вакви изгубени честитки како ова изгубеново момче... ќе се продава честа за лебно место во администрација.. но сега не за тоа дали си вмро или сдсм, туку дали си албанец или бугарин...ќе настане хаосот!! Тоа е целта на Бугарија!!!

Според подносителот во постот се користени дискриминаторски, вознемирувачки и ксенофобични зборови и реченици кон македонските бугари. Воедно се наведува дека дека со ова се врши потсмев со судбината на претепаниот охриѓанец со тешки телесни повреди, лицето [redacted], со тоа што инсинуира извесна судбина не само за именуваниот туку и за сите луѓе со бугарска самосвест и поттикнува и охрабрува во јавноста чин на тепање од омраза поради нечија етничка припадност.

- На ден 16.02.2023 година објава со следната содржина: ТОКМУ ТАКА, бугарска работа.... има кај нас и грчка и српска и албанска пропаганда, ама вакво злоставување на деца не сум сретнал кај нив!

Според подносителот во постот се користени дискриминаторски, вознемирувачки и ксенофобични зборови и реченици кон македонските бугари.

- На ден 19.02.2023 година објава со следната содржина: "ТАТАРСКАТА ПРИНЦЕЗА" госпоѓата Јотова, конечно ја кажа вистината...тие живеат во 19ти век, сеуште прават вештачка бугарска нација, вклучително и во Македонија, сонуваат да го добијат сето она што го изгубиле за време на балканските и двете светски војни! МОРАМ ДА ГИ РАЗОЧАРАМ, никогаш нема да имаат таква можност, најмалку сега, а ние во Македонија се подготвуваме за 22ри век и донесуваме ГРАЃАНСКИ УСТАВ со кој сите наши граѓани се дел од македонската нација, вклучително и по некоја изгубена душичка! Огромен дел од нормалните и разумни Македонци со бугарско убедување, се дел од тој план за 22ри век. Само изгубените честитки, криминалци, осуденици, луѓе со по 5 кривични пријави, го споделуваат истиот сон со принцезава. Ова што го изјавила таа во Скопје, повторно е нарачана провокација за продолжување на тензиите помеѓу двете земји, а несреќата Бугар Османов од МНР повторно молчи! Каде се останатите од власта во земјава ??? Ова е класичен обид за минирање на ЕУ и нејзините намери на Балканот, а мешањето во внатрешни работи на земја – кандидат за членство во ЕУ е тотално неприфатливо однесување. ЕУ мора да реагира на вакви провокации, ако сака било каква почит кај Македонците.

Подносителот на претставката наведува дека пред насловот на текстот, потенцијалниот дискриминатор прикажал фотографија од потпретседателката на Република Бугарија, споредувајќи ја со горило од филмот "Planet of the apes" нарекувајќи ја "татарска принцеза".

- На ден 20.02.2023 година објава со следната содржина: МНОГУ Е ЕДНОСТАВНО. [redacted] двајцата македонци, од ист род македонски, моите дедовци останале до последно да се борат во Македонија за македонштината, тие на [redacted] се предале, се избугариле и се откажале од борбата. Денес имаме резултат, [redacted] етнички и по нација Македонец, [redacted] етничка македонка по нација бугарка. Македонците низ Албанија и Косово се крајно напатени и без основни услови за живот.. [redacted] оди кај нив и може да им понуди само "романса" и да ги повика да издржат додека не биде во положба да им помогне! Доколку [redacted] каже за таа намера, дека планира да шири македонштина по светот, маЌедонЧињата нема да го гласаат, зашто се исплашени од сопствена сенка и така [redacted] никогаш нема да биде во состојба да им помогне на своите браќа. [redacted], крајно исфрустрирана зашто е јаничар/избугарена, знае дека е Македонка, но си ја мрази сопствената кожа, оди кај Македонците во Албанија и Косово, им ветува пасоши за работа во ЕУ, им дава стипендии за школување во Бугарија, им дава пари за да имаат од што да живеат... само од нив потпис дека се бугари и дека дедовците им биле бугари, за на [redacted] и таквите како неа да им се смири јаничарската совест! Таа со тоа ќе се пофали во Бугарија, за ширење на балгарштината и сите ќе гласаат за неа, зашто бугарите не се плашат од сопствената сенка. Што мислите, што ќе прифатат Македонците од Албанија и Косово??? Е сега... ама ич не ме боли уво дали ќе гласате или не за мене, јас јасно и гласно ви кажувам, доколку имам сила да управувам со Македонија јас ќе ширам македонштина на сите страни, а бугаризацијата ќе ја сведам на махово зрно! Ќе спроведам масовна акција за освестување на Македонците во Бугарија, а не пак во други земји. Барам поддршка за тоа од македонските граѓани и етничките Македонци, а воопшто не ме интересира што ќе гласаат маЌедонЧињата кои се плашат од фактот што се Македонци! Еден ден и од нив завалиите ќе направиме горди Македонци! Така ќе влеземе во ЕУ за пет години, а не по умот на зајковци... со бугарски пат, нема ЕУ за Македонија! Баталете СДСМ – бугарска секција, дојдете си во МКонцепт – свои на своето!

Според подносителот во постот се користени дискриминаторски, вознемирувачки и ксенофобични зборови и реченици кон македонските бугари и општо кон бугарскиот народ.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 24.03.2023 година се обрати со Барање број 08-251/2 за произнесување по наводи во претставка до потенцијалниот дискриминатор, [redacted], политичар од Скопје, на адресата која подносителот ја има наведено во претставката. И покрај наведеното, потенцијалниот дискриминатор не достави произнесување по наводите во претставката до денот на изготвувањето на ова мислење.

Сепак, Комисијата со должно внимание ги разгледа наводите во претставката и детално ја разгледа содржината на истата која се однесува на објавите постирани од страна на именуваното лице, па ја констатира следната фактичка состојба: Именуваниот [redacted], политичар од Скопје, во неколку наврати постирал објави на својот личен Facebook профил, осврнувајќи се на актуелни политички настани, истакнувајќи го своето гледање на овие настани, давајќи свој коментар и осврт по истите, користејќи претежно жаргонски вокабулар.

Понатаму, Комисијата ги консултира и меѓународните и домашните извори на правото со кои се уредува предметната материја. Во таа смисла, согласно член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права *никој не може да биде вознемируван поради своето мислење. Секој има право на слобода на изразување. Ова право подразбира да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор.* Во став 3 од овој член е уредено дека, *остартувањето на слободата на изразување повлекува посебни обврски и одговорности. Тоа може да биде подложено на одредени ограничувања кои сепак мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни 1) за почитување на другите лица и 2) за заштита на националната безбедност или јавниот поредок или јавното здравје или морал.* Во членот 26 од овој пакт е уредено дека *сите се еднакви пред законот и имаат право на подеднакви заштита без какво и да е дискриминација. Во овој поглед законот ќе забрани секаква дискриминација и ќе им гарантира на сите лица подеднаква и успешна заштита против секоја дискриминација, особено на основа на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или било кое друго мислење, национално или општествено потекло, имот, раѓање, или некоја друга состојба.*

Понатаму, во член 10 став (1) од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи е утврдено дека *секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите.* Во став (2) од истиот член, *остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштита на здравјето или моралот, угледот и правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авотиртетот и непристрасноста на судството.*

Во Уставот на Република Северна Македонија, најнапред во член 9 став (1) е уредено дека *граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.* Во член 16 став (1) пак, јасно е уредено дека *се гарантира слобода на уверувањето, совеста, мислата и*

*јавното изразување на мислата*, согласно став (2) од овој член, *се гарантира слобода на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободно основање на институции за јавно информирање.* Понатаму, став (3) од овој член уредува дека *се гарантира слободен пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, додека пак во став (7) е уредено дека цензурата е забранета.*

Поконкретно, со Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) се има *за цел обезбедување на принципот на еднаквост и спречување и заштита од дискриминација во остварување на човековите права и слободи.* Согласно член 5 од овој закон, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа,* додека пак со член 6 од законот се дефинира поимот дискриминација и тоа како: *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Од сето гореизнесено Комисијата констатира дека во конкретниот случај не постојат доволно факти и докази кои го прават веројатно тврдењето на подносителот дека лицето [redacted], политичар од Скопје сторил дискриминација, или поттикнал на дискриминација кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска самосвест, врз основа на етничка припадност на социјалната мрежа Facebook. Заради наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
11.08.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
- Архива на КСЗД